Здружение на граѓани
"ФРОНТ 21/42"
Бр.03/2021/2/1184
21.07.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 22.07.2021
12 492/1

FRONT 21|42

Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel/Fax: +389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

21.07.2021 година, Скопје

**До:**

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со донесените Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти во Општините Охрид, Струга и Дебарца од страна на градежни инспектори, кои датираат од Февруари 2011 година (од донесување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти) до Јули 2021 година.

Имајќи го предвид претходно наведеното, а врз основа на член 4 од Архуската Конвенција (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

**Копија од Решенијата за отстранување на бесправно изградени објекти во Општина Охрид донесени од страна на градежните инспектори од Февруари 2011 година до Јули 2021 година, конкретно:**

- **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои во целост е постапено и објектите се отстранети;**
- **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои не е постапено и објектите не се отстранети;**
- **Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територија на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои се поведени судски постапки.**

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во писмена или електронска форма на следниве адреси:

**„Фронт 21/42"**
**Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје**

## Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

**Наш број: 12-492/1**
**Датум: 28.07.2021 година**

**До:**
**„Фронт21/42“**
**Бул.Климент Охридски бр.54/2-2**
**1000 Скопје**

**Предмет: Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам пристигнато е Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-492/1 од 22.07.2021 година, со должна почит го разгледавме истото за кое Ве известуваме следно:

Со процесот на децентрализација и донесените закони: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20), Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), носењето и извршувањето на управните акти за објекти од втора категорија се во надлежност на општините во чии граници е градбата, во конкретниот случај тоа се општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца, на чија територија се наоѓаат бесправно изградените објекти кој се предмет на ова Ваше барање.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не постапува за објекти од втора категорија. Надлежноста за овој вид на објекти согласно Законот за градење ја има градоначалникот.


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107
Е-пошта: contact@digu.gov.mk

## Република Северна Македонија

### - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

### Одделение за нормативно правни и општи работи

Согласно член 115 став 2 од Уставот на Република Македонија општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзор над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа Општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзините работи го врши Републиката.

Согласно член 127 од Законот за градење надзор над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основ на истиот, го врши органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Согласно член 128 од Законот за градење градежен инспектор врши инспекциски надзор над градеби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градеби од втора категорија од членот 57 на истиот закон.

Согласно член 131 став 4 од Законот за градење, градежните инспектори од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам вршат инспекциски надзор врз овластените градежни инспектори при што проверуваат дали овластените градежни инспектори ги вршат работите согласно со овој закон.

Согласно член 147 од Законот за градење надзор над законитоста на работата на органите на општината односно органите на општините во градот Скопје врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за работите од нивна надлежност кои се однесуваат на изведување на градба од втора категорија од членот 57 на истиот.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам поради ова законско ограничување по добивање на Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер за доставување на бараните податоци од временскиот период наведен во Вашето барање, Ве упатува истото ова Барање да го препратите да го спроведе градоначалникот на општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца.

Со почит,

**Изработил:**
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д.Директор**
**Фатмир Арифи**


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок
Е-пошта: contact@digu.gov.mk